**Известување за концентрација со која Аустротерм ГмбХ., Австрија стекнува единствена контрола над Моноси-Сискевасиа АВЕЕ, Грција**

**(предмет бр. 08- 108 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на единствена контрола од страна на Аустротерм ГмбХ**.**, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија врз друштвото Моноси-Сискевасиа АВЕЕ, со седиште на Вриссес Ватхеос Авлидос (70 км Национал роад Атхенс-Ламиа), 34100 Халкида, Грција.

**-Аустротерм ГмбХ.** е главно активно во производството и продажбата на изолациски материјали изработени од експандиран полистирен ["ЕПС (*EPS*)"] и екструдиран полистирен ["КСПС (*XPS*)"), што се користат како материјали за изолација за згради, но со различни области на примена. Портфолиото на производи на Аустротерм е заокружено со фасадни профили и градежни табли за обложување подови и ѕидови.

Аустротерм ГмбХ е дел од Шмид Индустрихолдинг ГмбХ (*Schmid Industrieholding GmbH*)*,* Австрија (“ШИХ“). Преку своите поврзани друштва, ШИХ е активно во различни сектори, вклучително и екстракција на суровини (главно ископување варовник, талк); производство на цемент; материјали за градежната индустрија (како што се бои, монтажни производи, облоги, малтери, изолација, штуко, полнила, тула, цемент, бетонска индустрија); трговија, печки за складирање, рекламна индустрија и опрема за лов.

ШИХ има една подружница регистрирана во Северна Македонија- БАУМИТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје, Северна Македонија, со основна дејност – трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема.

**-Моноси -Сискевасиа АВЕЕ** е грчко друштво основано во 1997 година кое примарно се занимава со производство на производи од ЕПС, имено изолациски плочи и производи за пакување на храна и фармацевтски производи.

Моноси -Сискевасиа АВЕЕ нема претпријатија-ќерки, активности или приходи во Северна Македонија.
Предложената трансакција се однесува на пазарот за производство и продажба на изолациски материјали од ЕПС.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.
26.07.2024 година

Скопје